РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на продолжението на 38-та седница одржано на 15.09.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 16.07.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-3578/1 од 16.07.2019 година, во која се укажува на сомневање за злоупотреба на царинските прописи за потекло на стока од страна на службеникот ---------------------- од Царинска испостава ------------------ со што овозможува стекнување противправна имотна корист за себе и за друг (увозници), а се оштетува државниот буџет со наплата на помали царински давачки.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот бидејќи постапувал друг надлежен орган.

Предметот со број 12-5557/1 од 10.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3578/1 од 16.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за злоупотреба на царинските прописи за потекло на стока од страна на службеникот --------------------- од Царинска испостава ----------------- со што овозможува стекнување противправна имотна корист за себе и за друг (увозници), а се оштетува државниот буџет со наплата на помали царински давачки. Имено, според наводите во пријавата на ден 10.08.2018 година службеникот оцаринил товарно моторно возило без валиден доказ за потекло, односно изјавата за царинско потекло не содржела датум, место и потпис на овластено лице кое ја дало со што на увозникот му овозможил стекнување на имотна корист од над 30.000,00 денари. Во пријавата се наведува и втор случај од 11.07.2018 година кога службеникот оцаринил возило марка BMW меѓутоа со плаќање помала царина од над 100.000,00 денари.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара од Царинската

управа на Република Северна Македонија да изврши проверка на наводите во пријавата и да достави целосна информација за констатираната состојба до Државната комисија.

По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните информации и прилог документација и од истото се констатира дека до Царинската управа се пристигнати неколку анонимни пријави за незаконито работење на истиот царински службеник со иста содржина како доставените до Државната комисија, а по кои Секторот за професионална одговорност – Одделението за внатрешна контрола и Одделението за внатрешни истраги имаат постапувано согласно интерните акти на институцијата и за истите се изготвени детални извештаи во врска со основаноста на наводите по поднесените пријави.

Согласно предложените мерки и задолженија во предметните извештаи, како и Процедурата за спроведување на дисциплински постапки на предлог на Шефот на Царинска испостава ---------, Секторот за човечки ресурси при Царинската управа за именуваниот царински службеник има донесено Решение за намалување на плата за месец јули 2019 година во износ од 15% од основната плата поради извршување на работните задачи без потребен квалитет и начин како што е планирано, програмирано или даден налог за работа, како и покажана недоволна стручност и професионалност во примена на законски и други прописи, согласно член 68 став 1 алинеја 2 и 4 од Колективниот договор на Царинската управа и истиот постапил спротивно на член 5 од Кодексот на однесување на царнските службеници.

Воедно, по однос на втората пријава, а согласно предложените мерки и задолженија во извештајот за истата, задолжени се управникот на Царинарница ---------- и Шефот на Царинска испостава -----------, да извршат преиспитување на персоналните решенија за распоредување на царинските службеници на соодветни работни места согласно Правилникот за систематизација на работни места во Царинската управа. Додека, во однос на трета пријава по спроведената детална истрага и констатирана фактичка состојба изготвена е Информација во врска со неоснована поплака.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно постапил и изрекол мерки надлежен државен орган.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: Горан Трпеноски, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**